*МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА*

Бул. Гоце Делчев бр.18, 1000 Скопје, Тел.. 5119860 Факс. 5119861
www.mrt.com.mk

# ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКИОТ ПЛАН НА ЈАВНО РАДИОДИФУЗНО ПРЕТПРИЈАТИЕ МАКЕДОНСКА РАДИО ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА 2020 ГОДИНА

ВОВЕД

ЈРП Македонска радио телевизија е јавен радиодифузен сервис кој врши дејност од јавен интерес во областа на радиодифузијата во Република Северна Македонија која опфаќа производство и обезбедување на радио и телевизиски програми и програмски сервиси. На територијата на РСМ, Македонската радио телевизија обезбедува програмата преку еден ТВ програмски сервис на македонски јазик со дневно времетраење од 24 часа, еден ТВ програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и за кој е планирано дневно времетраење на програма од 24 часа секој ден во неделата, како и еден телевизиски програмски сервис кој ќе емитува програма на јазиците на другите немнозински заедници во РСМ.

Исто така, програмата на јавниот радиодифузен сервис се емитува и најмалку преку два редовни радио програмски сервиси на македонски јазик и еден радио програмски сервис на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници со 24 часовно емитување секој ден во неделата, како и еден радиопрограмски сервис на јазикот што го зборуваат другите немнозински заедници кој ќе емитува програма 24 часа секој ден во неделата.

МРТ обезбедува и посебни радио програми наменети за соседните земји и Европа на странски јазици и посебни радио програми наменети за информирање на иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во соседните земји, во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ обезбедува и најмалку еден радио програмски сервис и еден ТВ програмски сервис преку сателит и /или интернет наменет за иселениците и граѓаните на РСМ кои живеат во Европа и на другите континенти на македонски и на јазикот што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните кој е различен од македонскиот јазик и на другите немнозински заедници.

МРТ го обезбедува и програмскиот сервис на Собранискиот канал утврден со Законот за Собрание на РСМ.

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги ЈРП МРТ изработи Годишна програма за работа за наредна година која содржи Програма за работа за наредна година со планирани активности за исполнување на програмските цели како и Финансиски план за наредната година кој содржи податоци за планираните приходи и расходи. Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година, како дел од Годишната програма за работа на ЈРП МРТ за 2020 година, беше изработен врз база на показателите од работењето во минатите години, движењата на тековните активности како и врз база на планираните или очекувани активности во наредната година, имајќи ги предвид притоа условите и можностите за обезбедување на потребните финансиски средства за реализација на планираните програмски содржини но и за навремено сервисирање на создадените тековни и пренесени обврски. Пресметките за утврдување на планираните финансиски средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење, кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ како средства за финансирање на радиодифузната дејност, беа направени согласно одредбите во член 105 од Законот за ААВМУ и Важечките преодни одредби во Законот за ААВМУ (Службен весник бр.248/18) каде во членот 45 е наведено дека за 2020 година за финансирање на радиодифузната дејност од Буџетот на РСМ ќе се издвојуваат 0,9%. Од тука, вкупниот планиран буџет беше проектиран на 1.345.190.000 денари, од кои како приход со најголемо учество (од 95,9%) беше планиран приходот од Буџетот на РС Македонија во износ од 1.290.190.000 денари.

Годишната програма за работа на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година беше усвоена од страна на органите на управување во МРТ и истата беше доставена до Собранието на РСМ во месец Октомври 2019 година.

Меѓутоа, со оглед на фактот дека предвидените средства за финансирање на радиодифузна дејност во усвоениот Буџет на РСМ за 2020 година изнесуваат вкупно 1.200.000.000 денари и нема да се реализира горенаведениот процент од 0,9%, се врши измена на Финансискиот план на ЈРП МРТ за 2020 година, како во делот на планираните приходи, така и во делот на планираните расходи. Имено, со оваа измена на Финансискиот план, најголем дел од првично планираните износи се намалени, со што пак, ќе биде доведено во прашање тековното работење на МРТ, односно, реализацијата на голем дел од предходно планираните активности не ќе може да се спроведе.

## А. ПЛАН НА ПРИХОДИ

За реализирање на планираните програмски и останати активности во 2020 година со Финансискиот план на ЈРП Македонска радио телевизија се планира да се обезбедат приходи по следните основи:

**Приход од Буџет на Република Северна Македонија**

Финансиските средства наменети за финансиска поддршка на редовното работење кои ЈРП МРТ ги добива од Буџетот на РСМ, како средства за финансирање на радиодифузната дејност, со оваа измена на Финансискиот план се намалени за 379.190.000 денари, односно, сега се планираат во износ од 894.000.000 денари или 92,5% од вкупно планираниот приход за 2020 година. Износот е пресметан врз основ на средствата за финансирање на радиодифузна дејност (1.200.000.000 денари) предвидени во Буџетот на РСМ за 2020 година.

**Приходи од продажба на рекламен простор**

Очекуваните приходи од продажба на рекламен простор односно од емитување на аудио и аудио визуелни комерцијални комуникации емитувани во рамки на програмски содржини обезбедени врз основ на склучени посебни договори со обезбедувачи на аудио или аудиовизуелни дела со заштитени авторски права, во согласност со условите од договорот, се планирани во висина од 45.000.000 денари и истите во вкупниот планиран приход за 2020 година учествуваат со 4,7 %. Овој планиран износ произлегува од заложбите на МРТ за збогатување на програмската понуда на поширокиот аудиториум со нови информативно – дебатни, документарни, филмски и забавни содржини, научно едукативни и детски емисии, како и пренос на позначајни спортски настани.

**Приходи од закупнини**

Приходот по основ на давање под наем на деловен простор и опрема на надворешни соработници е планиран во износ од 500.000 денари.

**Приходи од услуги во земјата**

По основ на дадени технички услуги на надворешни корисници (снимање во студијата на МРТ, обезбедување на коментаторски позиции и ISDN линии, преснимување и користење на снимен архивски материјал, ангажирање на вработени за извршување на работи од заеднички интерес со останатите државни и останати институции во кулата како и други услуги во земјата), за 2020 година, планирани се приходи во вкупен износ од 3.000.000 денари и истите во вкупно планираните приходи учествуваат со 0,3%.

**Приходи од услуги во странство**

Приходите за извршени услуги во странство (технички услуги, отстапени права, коментаторски позиции, ISDN линии и останати услуги) се планирани во износ од 2.000.000 денари и во вкупно планираните приходи истите учествуваат со 0,2%.

**Останати деловни приходи**

Останатите деловни приходи се планира да се реализираат по основ на:

- приходи од камати
- приходи по основ на позитивни курсни разлики
- наплатени отпишани побарувања од минати години
- приходи од отпишани обврски
- останати дополнителни приходи од претходни години и слично

Овие приходи во 2020 година се планираат во износ од 17.000.000 денари и нивното учество во вкупно планираните приходи изнесува 1,8%.

**Приходи од наплата по основ на судски одлуки**

Приходите кои се планираат со Финансискиот план по основ на разрешување на судски спорови во корист на МРТ изнесуваат вкупно 1.500.000 денари или 0,2% во однос на вкупниот износ на планирани приходи за 2020 година.

**Приходи од донации, продажба на програма и услуги**

Приходите по основ на продажба на програма и услуги и по основ на донации во 2020 година се планирани во износ од 3.000.000 денари и истите учествуваат со 0,3% во вкупниот планиран приход во МРТ за 2020 година.

**Вкупните** планирани приходи за 2020 година кои претходно беа планирани во износ од 1.345.190.000 денари по сите основи, со изменување на Финансискиот план се намалени за 379.190.000 денари и истите сега изнесуваат вкупно 966.000.000 денари а треба да ги покријат планираните програмски и други активности во наредната година, не отстапувајќи при тоа од законските обврски на Македонската радио телевизија како јавен сервис на граѓаните во државата.

Планираните активности за 2020 година воглавно ќе бидат насочени кон:

- Исполнување на редовните активности во МРТ, односно создавање (производство) и емитување на сопствена радио и телевизиска програма на радио и на телевизиските програмски сервиси и емитување на истата на македонски, албански, турски, српски, ромски, влашки и бошњачки јазик.
- Откуп на права емитување на играна програма и серии, набавка на странска документарна програма, драмска програма, реализација на музички емисии,
- Откуп на права за директен пренос и снимки од значајни спортски настани и манифестации,
- Реализирање на програмските содржини на посебните радио програми наменети за соседните земји и Европа и радио програми наменети за информирање на иселениците во странство, како и обезбедување на програмските сервиси преку сателит и/или интернет,
- Одржување на постојната опрема и одржување на објектите на МРТ.

Планираните приходи на ЈРП МРТ за 2020 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ ПРИХОДИ ВО ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА

| ПРИХОДИ | Планирани приходи за 2019г | Остварени приходи-(проценка) 2019г | Планирани приходи за 2020 год. | Планирани приходи за 2020 год. со измена | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 | Структура 2020 год.-колона 5 |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 7 | 8 | 9 |
| Приход од Буџет на РСМ-средства за финансирање на радиодифузна дејност | 894,000,000 | 894,000,000 | 1,290,190,000 | 894,000,000 | 100.0 | 100.0 | 92.5 |
| Закупнини | 500,000 | 400,000 | 500,000 | 500,000 | 100.0 | 125.0 | 0.1 |
| Приходи од услуги во земјата | 3,000,000 | 2,500,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 100.0 | 120.0 | 0.3 |
| Приходи од услуги во странство ( технички услуги, коментаторски позиции, ISDN линии, отстапени права и сл.) | 2,000,000 | 1,500,000 | 2,000,000 | 2,000,000 | 100.0 | 133.3 | 0.2 |
| Останати деловни приходи ( приходи од камати, позитивни курсни разлики,наплатени отпишани побарувања од минати години,отпишани обврски, приходи од минати години), дополнително утврдени приходи од претходни години | 15,000,000 | 15,000,000 | 15,000,000 | 17,000,000 | 113.3 | 113.3 | 1.8 |
| Приходи од наплата по судски одлуки | 2,000,000 | 1,800,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 75.0 | 83.3 | 0.2 |
| Продажба на рекламно време (маркетинг) | 13,000,000 | 13,000,000 | 30,000,000 | 45,000,000 | 346.2 | 346.2 | 4.7 |
| Приход од донации, продажба на програма и услуги | 3,000,000 | 2,000,000 | 3,000,000 | 3,000,000 | 100.0 | 150.0 | 0.3 |
| **СЕ ВКУПНО :** | **932,500,000** | **930,200,000** | **1,345,190,000** | **966,000,000** | **103.6** | **103.8** | **100.0** |

**Б. ПЛАН НА РАСХОДИ**

Вкупните планирани расходи на ЈРП Македонска радио телевизија за 2020 година за реализирање на редовните и инвестиционите активности околу создавање и емитување на програмата беа планирани во вкупен износ од 1.345.190.000 денари. Сега, со изменувањето на Финансискиот план за 2020 година, вкупните расходи се намалени за 379.190.000 денари и истите изнесуваат 966.000.000 денари.

**Планот на расходи за 2020 година ги опфаќа следните планирани групи на трошоци:**

## Трошоци на вработените

Групата трошоци на вработените со Финансискиот план за 2020 година беше планирана во вкупен износ од 475.460.000 денари, но со изменувањето на Финансискиот план истата е намалена за 42.300.000 денари и сега изнесува 433,160.000 денари. Во оваа група на трошоци се опфатени бруто платите, надоместоците за исплата на отпремнина на вработените кои ги исполнуваат условите за одење во пензија, други лични примања (останати надоместоци – помош исплатена на вработените во случај на смрт на вработен или на член на потесно семејство), трошоците за здравствени услуги, паричен надомест за последици од елементарни непогоди, подолги боледувања, како и трошоците за едукација (обука, посета на семинари, советувања и слично) на вработените, за јубилејни награди и пригодни подароци за вработените при пензионирање и слично. Бруто платата за 2020 година е пресметана согласно позитивните законски прописи кои се на важност во РСМ, согласно последните измени во Законот за работни односи (Сл.весник бр.110/19), Законот за административните службеници (Сл.весник бр.11/18), Законот за вработени во јавниот сектор (Сл.весник бр.198/18) и врз основа на Колективниот договор на ЈРП МРТ кој е на сила и со кој се уредуваат сите права, обврски и одговорности на вработените на МРТ кои произлегуваат од работниот однос. Планираниот износ на бруто платата е пресметан врз основа на минималната основна бруто плата, износ кој е утврден согласно Законот за минимална плата во РСМ кој во

нето износ во моментот на склучување Колективниот договор изнесува 12.508,00 денари, како и на барањата на работното место и на коефициентите на одделни степени на сложеност. Минималната плата како и целокупниот планиран износ на бруто платите во МРТ со Финансискиот план за 2020 година е предвидено да се усогласуваат со кумулативниот пораст на трошоците за живот во РСМ. Меѓутоа, со намалувањето на вкупно планираните средства во оваа група на трошоци за 42.300.000 денари со оваа измена на Финансискиот план, во 2020 година ЈРП МРТ нема да има можност да ја усогласува минималната нето плата на вработените со минималната нето плата на ниво на РСМ, нема да биде во можност да исплати регрес за годишен одмор на вработените, ниту пак ќе биде во можност да објави оглас за нови вработувања.

## Патни трошоци и транспортни услуги

Оваа категорија ги опфаќа трошоците за службени патувања во земјата и странство - дневници, ноќевања и превоз, како и трошоците за користење на сопствено возило, трошоците за патарина, услугите за такси превоз и слично, за што е планирана сума во вкупен износ од 9,550.000 денари. Најголемо учество во овие трошоци имаат патните трошоци и дневниците за службени патувања бидејќи МРТ како јавен радиодифузен сервис за потребите, пред се, на информативните програми, ги следи и пренесува до гледачите и слушателите сите значајни настани од јавен карактер во земјата и странство, како и следење и снимање на поважните културни, музички, спортски и научни збиднувања и манифестации.

## Заеднички трошоци

Оваа група на трошоци која беше планирана во вкупен износ од 421.680.000 денари, со изменувањето на Финансискиот план е намалена за 203.690.000 денари и истата сега изнесува вкупно 217.990.000 денари а ги опфаќа следните видови трошоци:

***Трошоци за суровини и материјали***

Група во која се опфатени трошоците за набавка на електричен и технички материјал, материјал (резервни делови) за поправка и одржување на опремата и градежните

објекти во МРТ, материјали за сценографија (кулиси и декор) и слично планирана е во вкупен износ од 5.750.000 денари.

***Трошоци за останати материјали***

Група на трошоци со вкупен износ од 2.250.000 денари во која спаѓаат трошоците за канцелариски материјал, заштитна облека и обувки, материјал за возен парк и разни останати потрошни материјали.

***Трошоци за енергија***

Оваа група ги опфаќа тековните трошоци за електрична енергија, топлотна енергија и гориво и истата за 2020 година планирана е во вкупен износ од 38.000.000 денари.

***Трошоци за ситен инвентар и автогуми***

Оваа група на трошоци е планирана во износ од 1.500.000 денари.

***Поштенски и телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии***

Група на трошоци која за 2020 година е планирана во вкупен износ од 14.000.000 денари, се однесува на трошоци за телефонски - директни линии, мобилни линии, интернет, поштарина и аудио и видео линии.

***Услуги за одржување и заштита***

Групата на трошоци -Услуги за одржување и заштита- за 2020 година е планирана во вкупен износ од 30.010.000 денари а ги опфаќа трошоците за следните видови на услуги: агенциски услуги за физичко обезбедување на имот, услуги за инвестиционо и тековно одржување на основните средства и градежни објекти, одржување на возилата на МРТ и набавка на резервни делови за нив, одржување на ситен инвентар и автогуми, услуги за одржување на WEB страната на МРТ, агенциски услуги за одржување на хигиена и други услуги за одржување и заштита.

***Комунални услуги***

Во оваа група на трошоци спаѓаат трошоците за вода и ѓубретарина, дератизација, дезинфекција и дезинсекција во објектите на МРТ, трошоци за гаражирање и паркирање на возила и истата е планирана во вкупен износ од 5.390.000 денари.

***Останати услуги од работењето***

Во оваа група на трошоци за 2020 година планирани се средства во вкупен износ од 2.050.000 денари и истата опфаќа услуги за регистрација на возила, објава на огласи и конкурси, трошоци за противпожарна заштита, шпедитерски услуги, заверка на пасоши, визи и слично.

***Трошоци за амортизација на основни средства***

Вкупниот износ на планирани трошоци за амортизацијата на основните средства за 2020 година е 65.000.000 денари, што е годишен отпис односно исправка на вредноста на тековно набавената опрема како и на опремата која е набавена во рамките на инвестиционите активности и процесот на дигитализација на ТВ опремата т.е. премин од аналогна кон дигитална технологија.

***Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис***

За вредносно усогласување на побарувањата од купувачите и отпис на побарувањата по основ на ненаплатена РДТ за 2020 година се планирани вкупно 2.000.000 денари.

***Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација***

За оваа категорија на трошоци со Финансискиот план за 2020 година се планирани вкупно 600.000 денари;

***Премии за осигурување***

Планираните средства за премии за осигурување на вкупниот движен и недвижен имот и лица во МРТ во 2020 година изнесуваат 2.000.000 денари;

***Банкарски услуги и трошоци на платен промет***

Планираните средства за банкарските трансакции кои МРТ ќе ги извршува во 2020 година заедно со таксата за истакнување на фирма изнесуваат вкупно 910.000 денари.

***Останати трошоци***

За групата на трошоци во која спаѓаат услугите за атестирање, изработка на елаборати и технички проекти, како и трошоци за стручна литература и списанија, со Финансискиот план за 2020 година планирани се средства во вкупен износ од 350.000 денари;

***Трошоци за надомест и други примања на членовите на Програмски совет и Надзорен одбор на МРТ***

Во согласност со Законот за ААВМУ каде што е утврдена висината на надоместоците за членовите на ограните на управување во МРТ, оваа група на трошоци за 2020 година е планирана во вкупен износ од 5.200.000 денари;

***Даноци, судски трошоци и административни такси***

Трошоците за даноци (данок на приход за исплати во странство, задржан данок и сл.) како и трошоците поврзани со судските предмети кои се во постапка за 2020 година планирани се во вкупен износ од 4.500.000 денари;

***Казни, пенали, надомест на штети***

За овие видови на трошоци планирани се вкупно 600.000 денари;

***Дополнително утврдени расходи од минати години***

Дополнително утврдените расходи од минати години (расходи по фактури од минати години за извршени набавки и услуги во земјата и странство и слично).се планирани во висина од 15.000.000 денари и истите се однесуваат на трошоци по разни основи кои биле планирани во минат период од тековото работење на МРТ но, во тој период за истите не се доспеани фактури.

***Камати од работење и затезни камати***

Каматите од редовното работење и затезните камати се планирани во висина од 19.000.000 денари.

***Негативни курсни разлики***

Трошоците по основ на негативни курсни разлики кои произлегуваат од девизниот платен промет кој во голем обем е застапен во тековното работење на МРТ, пред се, за откуп на странска филмска и спортска програма, како и за реализација на набавки на опрема, за 2020 година се планирани во вкупен износ од 3.000.000 денари;

***Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1.000 евра***

Оваа ставка е планирана во износ од 880.000 денари и истата во 2020 ќе ги опфати набавките на стоки и услуги до 60.000 денари на месечно ниво за кои нема да се

започне постапка за јавна набавка, односно, кои нема да бидат дел од Годишниот план за јавни набавки на МРТ за 2020 година.

## Програмски права

Категоријата на трошоци под наслов Програмски права, за 2020 година, планирана е во вкупен износ од 234.000.000 денари и истата се однесува на трошоци во врска со откуп на права за емитување на играна филмска и документарна програма, останати програмски права-откуп на права за емитување на програма, надомест за откуп на лиценца за емитување на меѓународен фестивал ЕВРОСОНГ, надомест за снимање фестивали, откуп на права за емитување на актуелни и позначајни настани од светот на спортот, откуп на програми од независни продуценти и трошоци за реализација на копродукциски проекти со најразновидна содржина.

## Останати трошоци од работење

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 65.300.000 денари и истата ги опфаќа следните видови останати трошоци:

***Наемнини***

Планираните трошоци за наем на опрема и недвижности, деловен простор за дописните центри и слично за кои би произлегла потреба во рамки на тековното работењето на МРТ за 2020 година изнесуваат 1.500.000 денари.

***Други трошоци од работење***

За оваа група на трошоци во 2020 година се планирани вкупно 38.700.000 денари и истите се однесуваат на следните видови трошоци:

- Адвокатски и нотарски услуги, ревизија на финансиски извештаи, услуги за вештачење,
- Услуги од агенции за користење податоци за истражување на програмата и мерење на рејтинг на гледаност,
- Технички услуги, интелектуални услуги,
- Услуги за ангажирање надворешни лица преку авторска агенција во секторите во кои во текот на работењето ќе се јави недостиг од кадар потребен за извршување на работните задачи,

- Трошоци за реализација на проектот Избор на песна – македонски претставник на Евросонг (Евровизија 2020 и Јуниорски евросонг 2020) и сл.

***Членарини, котизации, ЗАМП и останати услуги***

Оваа група на трошоци е планирана во вкупен износ од 24.800.000 денари и опфаќа годишни членарини за ЕБУ и ЦИРКОМ, котизации, трошоци за акредитации, мало авторско право ЗАМП и останати трошоци од работење.

***Материјали и услуги за дигитализација***

За набавка на дигитални технички материјали и услуги за емитување на ТВ програмата за 2020 година планирани се средства во вкупен износ од 300.000 денари.

***Инвестиции***

Набавката на опрема и други инвестиции во текот на 2020 година со доставениот Финансиски план на ЈРП МРТ за 2020 година до Собранието на РСМ беше планирано да се одвива во рамки на износ од 100.000.000 денари при што приоритет да се даде на дигитализација на опремата неопходна за поквалитетно производство и емитување на радио програмата, а секако, во континуитет да се одвива и процесот на реновирање на студијата во МРТ со обновување на постоечката како и набавка на нова опрема потребна за непречено одвивање на основната дејност на МРТ, потоа реновирање на останатите простории во објектите, набавка на нови возила и слично. Меѓутоа, со оваа измена на Финансиски план за 2020 година средствата се драстично намалени односно тие сега изнесуваат вкупно 6.000.000 денари и во рамки на овој износ сега би се извршила само делумна санација на централната климатизација во МРТ.

Планираните трошоци на ЈРП МРТ за 2020 година поединечно по ставки се претставени во табеларен преглед, а износите се изразени во денари.

## ПРЕГЛЕД НА ВКУПНИТЕ ПЛАНИРАНИ РАСХОДИ
## НА ЈРП МРТ ЗА 2020 ГОДИНА

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019г. | Остварени трошоци-(проценка) 2019г | Финансиски план за 2020 год. | Финансиски план за 2020 год. – со измена | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***1) Трошоци за вработените*** | | | | | | |
| Бруто плати (основна плата,даноци,придонеси,минат труд,празнична,ноќна,г.о., боледување,платено отсуство) | 400,000,000 | 396,000,000 | 460,000,000 | 429,000,000 | 107.3 | 108.3 |
| Регрес за годишен одмор | 9,000,000 | 9,000,000 | 11,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Отпремнина за одење во пензија | 1,700,000 | 1,500,000 | 1,700,000 | 1,700,000 | 100.0 | 113.3 |
| Други лични примања (помош на вработени,останати надоместоци на вработени,помош во случај на смрт на вработен или член на семејство и слично) | 800,000 | 750,000 | 1,200,000 | 1,000,000 | 125.0 | 133.3 |
| Јубилејни награди за вработени и пригодни подароци за пензионирање | 0 | 0 | 1,100,000 | 1,100,000 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за здравствени услуги | 800,000 | 700,000 | 100,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за едукација | 400,000 | 300,000 | 360,000 | 360,000 | 90.0 | 120.0 |
| **Вкупно 1** | **412,700,000** | **408,250,000** | **475,460,000** | **433,160,000** | **105.0** | **106.1** |
| ***2) Патни трошоци*** | | | | | | |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во земјата | 1,850,000 | 1,800,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 135.1 | 138.9 |
| Дневници и ноќевања за службени патувања во странство | 4,900,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 81.6 | 100.0 |
| Превоз за службени патувања во земјата | 100,000 | 90,000 | 100,000 | 100,000 | 100.0 | 111.1 |
| Превоз за службени патувања во странство | 1,900,000 | 1,750,000 | 2,000,000 | 1,900,000 | 100.0 | 108.6 |
| Сопствено возило за службени потреби | 270,000 | 270,000 | 300,000 | 300,000 | 111.1 | 111.1 |
| Услуги за патарина,останати услуги од патувања | 300,000 | 280,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 107.1 |
| **Вкупно 2** | **9,320,000** | **8,190,000** | **9,200,000** | **9,100,000** | **97.6** | **111.1** |
| ***3) Транспортни услуги*** | | | | | | |
| Авто такси - услуги за такси превоз | 900,000 | 850,000 | 900,000 | 450,000 | 50.0 | 52.9 |
| **Вкупно 3** | **900,000** | **850,000** | **900,000** | **450,000** | **50.0** | **52.9** |
| **Вкупно патни и транспортни услуги** | **10,220,000** | **9,040,000** | **10,100,000** | **9,550,000** | **93.4** | **105.6** |
| ***Заеднички трошоци*** | | | | | | |
| ***4) Трошоци за суровини и материјали*** | | | | | | |
| Електричен материјал | 2,000,000 | 1,900,000 | 2,000,000 | 1,600,000 | 80.0 | 84.2 |
| Технички материјал | 1,500,000 | 1,400,000 | 1,500,000 | 1,000,000 | 66.7 | 71.4 |
| Материјал за кулиси и декор | 1,800,000 | 1,500,000 | 6,000,000 | 1,800,000 | 100.0 | 120.0 |
| Материјал за реквизита | 200,000 | 100,000 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Материјал за шминка и фризура | 0 | 0 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Разни прехранбени и други материјали за снимање, хигиенски средства и сл. | 350,000 | 200,000 | 350,000 | 150,000 | 42.9 | 75.0 |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019г. | Остварени трошоци-(проценка) 2019г | Финансиски план за 2020 год. | Финансиски план за 2020 год. – со измена | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Материјал за поправка и одржување | 1,500,000 | 1,300,000 | 1,500,000 | 1,200,000 | 80.0 | 92.3 |
| **Вкупно 4** | **7,350,000** | **6,400,000** | **11,750,000** | **5,750,000** | **78.2** | **89.8** |
| ***5) Трошоци за останати материјали*** | | | | | | |
| Канцелариски материјал | 1,700,000 | 1,500,000 | 1,700,000 | 1,500,000 | 88.2 | 100.0 |
| Материјал за возен парк и останати материјали | 300,000 | 250,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 120.0 |
| Други потрошни материјали | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Заштитна облека и обувки, ХТЗ опрема | 350,000 | 350,000 | 500,000 | 450,000 | 128.6 | 128.6 |
| **Вкупно 5** | **2,360,000** | **2,110,000** | **2,510,000** | **2,250,000** | **95.3** | **106.6** |
| ***6) Трошоци за енергија*** | | | | | | |
| Трошоци за електрична енергија | 18,400,000 | 18,000,000 | 23,600,000 | 22,500,000 | 122.3 | 125.0 |
| Трошоци за топлотна енергија | 13,600,000 | 13,000,000 | 14,800,000 | 12,000,000 | 88.2 | 92.3 |
| Трошоци за гориво и мазиво | 4,000,000 | 3,800,000 | 6,000,000 | 3,500,000 | 87.5 | 92.1 |
| Останати трошоци за користење енергија (мерење на потрошувачка на енергија и сл.) | 300,000 | 250,000 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 6** | **36,300,000** | **35,050,000** | **44,700,000** | **38,000,000** | **104.7** | **108.4** |
| ***7) Трошоци за ситен инвентар и автогуми*** | | | | | | |
| Ситен инвентар и автогуми | 2,250,000 | 1,800,000 | 2,000,000 | 1,500,000 | 66.7 | 83.3 |
| **Вкупно 7** | **2,250,000** | **1,800,000** | **2,000,000** | **1,500,000** | **66.7** | **83.3** |
| ***8) Поштенски, телефонски услуги, интернет, аудио и видео линии*** | | | | | | |
| Телефонски трошоци- фиксна телефонија | 700,000 | 600,000 | 800,000 | 700,000 | 100.0 | 116.7 |
| Телефонски трошоци-мобилна телефонија | 2,300,000 | 2,200,000 | 2,500,000 | 2,300,000 | 100.0 | 104.5 |
| Трошоци за интернет услуги | 700,000 | 500,000 | 1,000,000 | 700,000 | 100.0 | 140.0 |
| Поштарина | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 100.0 |
| Трошоци за користење аудио и видео линии | 12,000,000 | 11,500,000 | 17,500,000 | 10,000,000 | 83.3 | 87.0 |
| **Вкупно 8** | **16,000,000** | **15,100,000** | **22,100,000** | **14,000,000** | **87.5** | **92.7** |
| ***9) Услуги за одржување и заштита*** | | | | | | |
| Агенциски услуги за физичко обезбедување на објектите на МРТ | 4,200,000 | 4,200,000 | 4,200,000 | 5,000,000 | 119.0 | 119.0 |
| Инвестиционо и тековно одржување на основни средства | 11,300,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 9,360,000 | 82.8 | 93.6 |
| Инвестиционо и тековно одржување на градежни објекти | 10,350,000 | 8,000,000 | 10,000,000 | 7,700,000 | 74.4 | 96.3 |
| Одржување на возила | 3,100,000 | 2,500,000 | 3,500,000 | 3,100,000 | 100.0 | 124.0 |
| Одржување на ситен инвентар и автогуми | 150,000 | 150,000 | 150,000 | 150,000 | 100.0 | 100.0 |
| Други услуги за одржување | 20,000 | 20,000 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за одржување на ВЕБ страната на МРТ | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,200,000 | 1,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Агенциски услуги за одржување хигиена | 3,200,000 | 3,200,000 | 3,500,000 | 3,700,000 | 115.6 | 115.6 |
| **Вкупно 9** | **33,320,000** | **29,070,000** | **32,570,000** | **30,010,000** | **90.1** | **103.2** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019г. | Остварени трошоци- (проценка) 2019г | Финансиски план за 2020 год. | Финансиски план за 2020 год. – со измена | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***10) Комунални услуги*** | | | | | | |
| Гаражирање и паркирање на возила | 40,000 | 30,000 | 40,000 | 40,000 | 100.0 | 133.3 |
| Дератизација и дезинфекција | 300,000 | 300,000 | 300,000 | 350,000 | 116.7 | 116.7 |
| Трошоци за ѓубретарина | 1,200,000 | 1,100,000 | 1,300,000 | 1,200,000 | 100.0 | 109.1 |
| Трошоци за вода | 3,600,000 | 3,600,000 | 3,800,000 | 3,800,000 | 105.6 | 105.6 |
| **Вкупно 10** | **5,140,000** | **5,030,000** | **5,440,000** | **5,390,000** | **104.9** | **107.2** |
| ***11) Останати услуги од работењето*** | | | | | | |
| Заверка на пасоши,визи и друго | 150,000 | 100,000 | 150,000 | 150,000 | 100.0 | 150.0 |
| Трошоци за огласи и конкурси | 500,000 | 500,000 | 500,000 | 500,000 | 100.0 | 100.0 |
| Трошоци за регистрација на возила, полномоштва и слично | 400,000 | 400,000 | 400,000 | 400,000 | 100.0 | 100.0 |
| Шпедитерски услуги,царински услуги и брза пошта | 200,000 | 150,000 | 200,000 | 200,000 | 100.0 | 133.3 |
| Трошоци за противпожарна заштита (полнење на ПП боци, сервисирање на ПП апарати) | 800,000 | 700,000 | 1,200,000 | 800,000 | 100.0 | 114.3 |
| Останати услуги, занаетчиски и сл. | 20,000 | 20,000 | 20,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за фотокопирање | 30,000 | 25,000 | 30,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 11** | **2,100,000** | **1,895,000** | **2,500,000** | **2,050,000** | **97.6** | **108.2** |
| ***12) Трошоци за амортизација*** | | | | | | |
| Амортизација на основни средства | 68,000,000 | 68,000,000 | 71,500,000 | 65,000,000 | 95.6 | 95.6 |
| **Вкупно 12** | **68,000,000** | **68,000,000** | **71,500,000** | **65,000,000** | **95.6** | **95.6** |
| ***13) Вредносно усогласување (обезвреднување) и траен отпис*** | | | | | | |
| Вредносно усогласување на вложувања,ревалоризација на обврски,побарувања од купувачите и отпис на побарувања од РДТ | 20,000,000 | 160,000,000 | 166,000,000 | 2,000,000 | 10.0 | 1.3 |
| **Вкупно 13** | **20,000,000** | **160,000,000** | **166,000,000** | **2,000,000** | **10.0** | **1.3** |
| ***14) Трошоци за реклама, промоција, пропаганда и репрезентација*** | | | | | | |
| Трошоци за промоција и пропаганда | 50,000 | 50,000 | 300,000 | 100,000 | 200.0 | 200.0 |
| Трошоци за репрезентација | 550,000 | 500,000 | 600,000 | 500,000 | 90.9 | 100.0 |
| **Вкупно 14** | **600,000** | **550,000** | **900,000** | **600,000** | **100.0** | **109.1** |
| ***15)Премии за осигурување*** | | | | | | |
| Премии за осигурување | 1,700,000 | 1,700,000 | 3,000,000 | 2,000,000 | 117.6 | 117.6 |
| **Вкупно 15** | **1,700,000** | **1,700,000** | **3,000,000** | **2,000,000** | **117.6** | **117.6** |
| ***16) Банкарски услуги и трошоци во платен промет*** | | | | | | |
| Такса за истакнување фирма | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 10,000 | 100.0 | 100.0 |
| Банкарски услуги | 900,000 | 900,000 | 900,000 | 900,000 | 100.0 | 100.0 |
| **Вкупно 16** | **910,000** | **910,000** | **910,000** | **910,000** | **100.0** | **100.0** |
| ***17) Останати трошоци*** | | | | | | |
| Трошоци за спроведување на ИСО стандарди и консултанти | 0 | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Услуги за атестирање, изработка на елаборати за безбедност и заштита при работа и слично | 300,000 | 250,000 | 750,000 | 100,000 | 33.3 | 40.0 |
| Трошоци за стручна литература и списанија | 50,000 | 50,000 | 250,000 | 250,000 | 500.0 | 500.0 |
| **Вкупно 17** | **350,000** | **300,000** | **1,300,000** | **350,000** | **100.0** | **116.7** |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019г. | Остварени трошоци-(проценка) 2019г | Финансиски план за 2020 год. | Финансиски план за 2020 год. – со измена | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| ***18)Трошоци за надомест и други примања на членови и Надзорен одбор и Програмски совет на МРТ*** | | | | | | |
| Надомест за членови на Надзорен одбор и Програмски совет | 5,500,000 | 5,200,000 | 5,700,000 | 5,200,000 | 94.5 | 100.0 |
| **Вкупно 18** | **5,500,000** | **5,200,000** | **5,700,000** | **5,200,000** | **94.5** | **100.0** |
| ***19) Даноци, судски такси и друго*** | | | | | | |
| Даноци | 4,000,000 | 3,800,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 100.0 | 105.3 |
| Судски трошоци и административни такси | 1,000,000 | 900,000 | 500,000 | 500,000 | 50.0 | 55.6 |
| Останати трошоци и услуги од работење | 250,000 | 200,000 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **Вкупно 19** | **5,250,000** | **4,900,000** | **4,700,000** | **4,500,000** | **85.7** | **91.8** |
| ***20) Казни,пенали,надомест на штети*** | | | | | | |
| Казни,пенали,надомест на штети | 600,000 | 450,000 | 600,000 | 600,000 | 100.0 | 133.3 |
| **Вкупно 20** | **600,000** | **450,000** | **600,000** | **600,000** | **100.0** | **133.3** |
| ***21) Дополнително утврдени расходи од минати години*** | | | | | | |
| Дополнително утврдени расходи од минати години | 17,000,000 | 17,000,000 | 15,000,000 | 15,000,000 | 88.2 | 88.2 |
| **Вкупно 21** | **17,000,000** | **17,000,000** | **15,000,000** | **15,000,000** | **88.2** | **88.2** |
| ***22) Камати од работење и затезни камати*** | | | | | | |
| Камати од работење и затезни камати | 28,000,000 | 25,000,000 | 25,000,000 | 19,000,000 | 67.9 | 76.0 |
| **Вкупно 22** | **28,000,000** | **25,000,000** | **25,000,000** | **19,000,000** | **67.9** | **76.0** |
| ***23) Негативни курсни разлики*** | | | | | | |
| Негативни курсни разлики | 3,500,000 | 3,300,000 | 3,500,000 | 3,000,000 | 85.7 | 90.9 |
| **Вкупно 23** | **3,500,000** | **3,300,000** | **3,500,000** | **3,000,000** | **85.7** | **90.9** |
| **24) Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра** | | | | | | |
| Трошоци за набавки на стоки и услуги до 1000 евра | **0** | **0** | **0** | 880,000 | | |
| **Вкупно 24** | **0** | **0** | **0** | **880,000** | **0.0** | **0.0** |
| **Вкупно заеднички трошоци** | **256,230,000** | **383,765,000** | **421,680,000** | **217,990,000** | **85.1** | **56.8** |
| ***25) Програмски права*** | | | | | | |
| Права за филмови | 15,000,000 | 15,000,000 | 25,000,000 | 26,000,000 | 173.3 | 173.3 |
| Останати програмски права | 28,000,000 | 18,000,000 | 45,000,000 | 59,000,000 | 210.7 | 327.8 |
| Надомест за фестивал ЕВРОСОНГ | 2,500,000 | 2,350,000 | 2,500,000 | 2,500,000 | 100.0 | 106.4 |
| Надомест за фестивали | 500,000 | 800,000 | 1,000,000 | 500,000 | 100.0 | 62.5 |
| Права за спортски настани | 18,000,000 | 18,000,000 | 70,000,000 | 50,000,000 | 277.8 | 277.8 |
| Надомест за откуп на програми од независни продуценти | 8,000,000 | 7,700,000 | 15,000,000 | 10,000,000 | 125.0 | 129.9 |
| Копродукциски проекти | 67,500,000 | 60,000,000 | 101,000,000 | 86,000,000 | 127.4 | 143.3 |
| **Вкупно 25** | **139,500,000** | **121,850,000** | **259,500,000** | **234,000,000** | **167.7** | **192.0** |
| ***26) Наемнини*** | | | | | | |
| Наем на опрема и недвижнини | 600,000 | 600,000 | 1,500,000 | 1,500,000 | 250.0 | 250.0 |
| **Вкупно 26** | **600,000** | **600,000** | **1,500,000** | **1,500,000** | **250.0** | **250.0** |
| ***27) Други трошоци од работење*** | | | | | | |
| Адвокатски и нотарски услуги | 700,000 | 700,000 | 600,000 | 600,000 | 85.7 | 85.7 |
| Ревизија на финансиски извештаи | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 1,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Услуги за вештачење | 200,000 | 200,000 | 200,000 | 200,000 | 100.0 | 100.0 |
| Носачи на аудио и видео материјал - промотивни материјали | 0 | 0 | 300,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |

| ВИДОВИ ТРОШОЦИ | Финансиски план за 2019г. | Остварени трошоци-(проценка) 2019г | Финансиски план за 2020 год. | Финансиск и план за 2020 год. – со измена | Индекс 5/2*100 | Индекс 5/3*100 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| Услуги од агенции за мерење рејтинг - надомест за користење податоци за истражување на програмата | 0 | 0 | 5,000,000 | 4,350,000 | 0.0 | 0.0 |
| Технички услуги | 1,500,000 | 1,500,000 | 6,000,000 | 6,000,000 | 400.0 | 400.0 |
| Трошоци за опремување сцена | 2,500,000 | 2,200,000 | 2,500,000 | 2,000,000 | 80.0 | 90.9 |
| Интелектуални услуги (преведувачки услуги, изработка на проекти,елаборати и сл.) | 4,300,000 | 3,000,000 | 4,000,000 | 4,000,000 | 93.0 | 133.3 |
| Агенциски услуги во земјата и странство - информативни | 50,000 | 50,000 | 50,000 | 50,000 | 100.0 | 100.0 |
| Авторски договори-авторска агенција | 11,000,000 | 11,000,000 | 17,000,000 | 11,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Трошоци за проект Евровизија | 8,000,000 | 7,500,000 | 8,000,000 | 8,000,000 | 100.0 | 106.7 |
| Трошоци за награди од фестивали | 0 | 0 | 1,000,000 | 1,000,000 | 0.0 | 0.0 |
| Трошоци за судски извршители | 2,700,000 | 2,500,000 | 500,000 | 500,000 | 18.5 | 20.0 |
| **Вкупно 27** | **31,950,000** | **29,650,000** | **46,150,000** | **38,700,000** | **121.1** | **130.5** |
| ***28) Членарини, котизации,такси,ЗАМП,останати услуги*** | | | | | | |
| Годишни членарини - ЕБУ, ЦИРКОМ | 10,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 10,000,000 | 100.0 | 100.0 |
| Котизации и акредитации | 300,000 | 200,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 150.0 |
| Останати услуги од работење - (РДТ и други услуги) | 200,000 | 100,000 | 200,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| Мало авторско право (ЗАМП) | 14,000,000 | 14,000,000 | 20,000,000 | 14,500,000 | 103.6 | 103.6 |
| **Вкупно 28** | **24,500,000** | **24,300,000** | **30,500,000** | **24,800,000** | **101.2** | **102.1** |
| ***29) Материјали и услуги за дигитализација*** | | | | | | |
| Набавка на дигитални технички материјали и услуги | 300,000 | 250,000 | 300,000 | 300,000 | 100.0 | 120.0 |
| **Вкупно 29** | **300,000** | **250,000** | **300,000** | **300,000** | **100.0** | **120.0** |
| **Вкупно останати трошоци од работење** | **57,350,000** | **54,800,000** | **78,450,000** | **65,300,000** | **113.9** | **119.2** |
| **А.ВКУПНО ТРОШОЦИ (од точка 1 до точка 29)** | **876,000,000** | **977,705,000** | **1,245,190,000** | **960,000,000** | **109.6** | **98.2** |
| **Б.ИНВЕСТИЦИИ** | | | | | | |
| Набавка на опрема и други инвестиции | 56,500,000 | 49,000,000 | 50,000,000 | 6,000,000 | 10.6 | 12.2 |
| Дигитализација на РА програмите | 0 | 0 | 50,000,000 | 0 | 0.0 | 0.0 |
| **ВКУПНО ИНВЕСТИЦИИ:** | **56,500,000** | **49,000,000** | **100,000,000** | **6,000,000** | **10.6** | **12.2** |
| **ВКУПНО РАСХОДИ** | **932,500,000** | **1,026,705,000** | **1,345,190,000** | **966,000,000** | **103.6** | **94.1** |

Скопје, Декември 2019 година